HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ

COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA

HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073

St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073

e-mail: helkom@mhc.org.mk web page: http://www.mhc.org.mk

# ДВОМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## НОЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ 2013

## СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ
- Повреди на правото на јавен собир и изразување протест

ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ
- Ненавремена реакција на установите за здравствена заштита

ДИСКРИМИНАЦИЈА
- Банките ги дискриминираат слепите лица
- Неефикасна заштита од дискриминација од надлежните институции

СОЦИЈАЛНИ ПРАВА
- Рестриктивната политика при остварување на правото на инвалидска пензија

СУДСКИ СЛУЧАИ
- Судска постапка за заштита од политичка дискриминација
- Утврдени неправилности при водењето на судски случаи

ПРАВА НА ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА
- Вовед
- Застапување и лобирање
- Институции
- Медиумите и ЛГБТ заедницата
- Групи за поддршка

ЈАНУАРИ 2014

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## ПОВРЕДА НА ПРАВОТО НА ЈАВЕН СОБИР И ИЗРАЗУВАЊЕ ПРОТЕСТ

Хелсиншкиот комитет, по барање на група граѓани со оштетен слух го проследи протестот пред платото на Домот на Армијата на Република Македонија (Дом на АРМ) закажан на 21.11.2013 година со цел да го изразат незадоволството од работата на претседателот на Националниот сојуз на глуви и наглуви лица на РМ (Сојузот). Според присутните граѓани членови на Сојузот, протестот пред Домот на АРМ бил закажан за време на одбележувањето 65 години од постоење на Сојузот кои не се задоволни од работата на Претседателот во унапредувањето на статусот и пристапот до права и правда на лицата со оштетен слух. Овој протест е трет по ред но, за разлика од претходните два протеста беа констатирани обиди за ограничување на правото на протест.

Присутниот набљудувач на Комитетот ги затекна граѓаните во обид да пристапат до платото пред Домот на АРМ на кои им било кажано дека не може да го одржат протестот на оваа локација. По краток разговор со присутните полициски службеници и граѓаните констатирано е дека извесна приватна агенција за обезбедување, ангажирана да го обезбедува настанот во Домот на АРМ не дозволува протестот да се оддржи пред платото. Претставникот на Комитетот побара објаснување од претставникот на приватната агенција кој посочи дека добил наредба од својот работодавец по барање на претседателот на Сојузот да ги спречи присутните да го оддржат протестот пред платото на Домот на АРМ. Исто така, набљудувачот констатира дека оваа агенција не била известена дека протестот е уредно закажан во Полициската станица Центар. Набљудувачот ги извести присутните дека немаат надлежност да ограничуваат или смеќаваат мирен протест или јавен собир и дека со таквиот акт е прекршен Уставот на Република Македонија и Законот за јавни собири за што би можеле да понесат кривична одговорност. По направениот разговор на граѓаните им беше овозможено слободно да го изразат своето мислење и незадоволство преку мирен протест.

Комитетот изразува жалење за присутните полициски службеници кои не интервенираа со цел да им овозможат на граѓаните да го остварат своето право, иако истите беа навремено информирани за времето и локацијата на која ќе се оддржува протестот. Воедно, дозволија приватна агенција за обезбедување да ги прекрши правата на граѓаните во нивно присуство.

Хелсиншкиот комитет во изминатата година неколкупати посочи дека правото на јавен собир и слободата на движење на граѓаните се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија и дека секој обид за спречување или смеќавање треба да биде соодветно казнет од страна на надлежните институции.

# ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## НЕНАВРЕМЕНА РЕАКЦИЈА НА УСТАНОВИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Во текот на минатиот месец од страна на медиумите беше објавен прилог за 69 годишен човек од с. Русиново- Берово, кој боледува од психичка болест и кој бил оставен да живее сам во трошна куќа, без храна, при што поради неговата немоќ да се движи, последните 4 месеци, тој ги поминал во кревет. Во информацијата од медиумите беше наведено дека надлежниот Центар за социјални работи во Берово преземал мерки тој да биде сместен во ЈЗУ „Психијатриска болница- Негорци" но таму не сакале да го примат по што тој повторно бил вратен назад.

Земајќи ја предвид тешката здравствена состојба на лицето и ризикот по неговиот живот, Хелсиншкиот комитет се обрати до Центарот за социјални работи во Берово со цел да побара информации во однос на овој случај. Оттаму беше добиена писмена информација дека центарот ги презел сите дејствија за да се овозможи прием на пациентот во здравствената установа во Негорци. Во тој правец, по упатување од страна на Центарот за социјални работи во Берово, сериозно нарушената здравствена состојба на човекот била утврдена и од неговиот матичен лекар, кој констатирал дека покрај слаботo физичко здравје кај лицето се повторуваат знаците и на психолошко душевно нарушување. По ова е изготвен болнички упат, но сепак лицето било одбиено за прием во здравствената установа во Негорци.

Во заедничка соработка помеѓу Хелсиншкиот комитет за човекови права и Центарот за социјални работи во Берово, а како резултат на укажувањата за законската обврска за заштита на здравјето на сите граѓани и лица, кои беа сторени кон ЈЗУ „Психијатриска болница- Негорци", а во врска со овој случај, беше воспоставена комуникација со оваа установа, по што беше договорено лицето да биде примено и згрижено во здравствената установа при што ќе му биде дадена соодветна медицинска помош.

Поради ова, Хелсиншкиот комитет сака да укаже на сите надлежни установи кои се грижат за заштитата и унапредувањето на здравјето на сите граѓани и лица, навремено да преземаат мерки, со цел поефикасна заштита на нивното здравје, имајќи ги предвид начелата на хуманост и достапност како и обврските кои произлегуваат од законската регулатива.

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

## БАНКИТЕ ГИ ДИСКРИМИНИРААТ СЛЕПИТЕ ЛИЦА

До Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, со барање за бесплатна правна помош, се обрати г. Марјан Јанев, корисник на банкарски услуги во

Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Тутунска банка Скопје и лице со 100% оштетување на видот. Во барањето, г. Јанев наведува дека се соочува со проблеми во врска со начинот на постапување на овие банки кој ги доведува во нееднаква положба слепите наспроти останатите клиенти. Имено, нееднаквиот третман се однесува на користењето на банкарски услуги и производи за кои е неопходен потпис на корисникот при што банките не го признаваат потписот од слепите лица, не дозволуваат користење на факсимил и ги принудуваат да ополномоштат трето лице кое би потпишувало во нивно име и за нивна сметка. Слепите лица се соочуваат со проблеми и  при користењето на онлајн банкарство поради внатрешните прописи на банките (употреба на токени, кодови и слични сигурносни алатки кои слепите лица не се во состојба да ги користат). Дополнително, банките не обезбедуваат употреба на асистивна технологија како што е на пример говорниот банкомат, браевиот печатач, софтверските решенија за пристапност до електронски услуги итн.

Ваквите наводи претставуваат индикација за директна дискриминација што ја вршат банките по основ на телесна попреченост. Со оглед дека ваквиот начин на постапување претставува нееднаков третман кон слепите лица, се повторува и во пракса трае подолго време, тој ги содржи критериумите на потежок вид на дискриминација. Хелсиншкиот комитет е на мислење дека наводите на г. Јанев се основани. Ваквиот наш став произлезе по проучување на домашната законска регулатива, меѓународните инструменти во оваа област[1] и утврдување на фактот дека некои домашни банки имаат нееднаков однос кон слепите наспроти сите останати лица.

Хелсиншкиот комитет испрати дописи до Комерцијална банка АД Скопје, до НЛБ Тутунска банка Скопје и до Народната банка на Република Македонија (НБРМ). Незадоволен од одговорот на банките и по добиениот допис од страна на НБРМ преку кој се утврди дека сите банки од групата големи и средни банки постапуваат на ист начин, Комитетот поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација со барање таа да делува во насока на примена на домашното и меѓународното законодавство во оваа област.
По поднесувањето на претставката, претставник на Комерцијална банка АД Скопје стапи во контакт со Хелсиншкиот комитет и не извести за преземените активности за надминување на проблемите со кои се соочуваат слепите и лицата со оштетен вид. Со писмен допис бевме известени дека на слепите лица повеќе не им треба полномошник, банката го признава нивниот потпис, факсимил и ракознак, обезбеден е пристап до онлајн банкарството, а распишан е и тендер за обезбедување асистивна технологија за слепите лица (Браев печатач).

Во текот на месец ноември, претставници на Банката, Комитетот и Националниот сојузот на слепите одржаа заедничка средба на која беше поздравен позитивниот чекор на Банката и беше договорено потпишување на Меморандум за соработка кој воедно би водел и кон повлекување на претставката. Имајќи предвид дека

[1] Член 9 и 118 од Уставот на Република Македонија, Член 2 и 4 од Конвенција за правата на лицата со инвалидност, Член 137 од Кривичниот законик и Член 3-6, 8, 11-12 од Законот за заптита од дискриминиација.

Комерцијална банка АД Скопје презема суштински и конкретни мерки за надминување на нееднаквиот третман, го потпиша Меморандумот за соработка и изрази подготвеност за идна соработка, подносителите одлучија да го повлечат делот во Претставката кој се однесува на оваа банка. Претставката против останатите банки е сè уште важечка.

## НЕЕФИКАСНА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Хелсиншкиот комитет, постапувајќи по барање за заштита од дискриминација сторена поради етничка и верска припадност, односно потекло на странката, како и сексуално вознемирување, поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, а согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Истовремено, странката поднесе и кривична пријава до Основното јавно обвинителство Скопје, согласно членовите од Кривичниот законик со кои говорот на омраза и дискриминацијата се предвидени како кривични дела, односно Предизвикување, национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост, Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, Расна и друга дискриминација, како и за Загрозување на сигурноста.

На ден 13.11.2013 година Комисијата за заштита од дискриминација донела мислење да не се поведува постапка по поднесената претставка, поради тоа што за истата правна работа е покрената постапка пред Основното јавно обвинителство Скопје, а согласно член 26 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во овој член е наведено дека Комисијата постапува по претставката доколку постапката пред судот за истата работа не е веќе поведена или правосилно завршена.

Хелсиншкиот комитет сака да посочи дека поднесувањето кривична пријава согласно стариот Закон за кривичната постапка, не значи покрената судска постапка, туку претставува претходна постапка во кривичната постапка, односно предистражна постапка, поради што сметаме дека Комисијата неосновано одлучи да не поведе постапка по поднесената претставка. Ова посебно поради фактот што конкретната претставка беше поднесена и поради сексуално вознемирување, а согласно член 7 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кое нешто не беше наведено во кривичната пријава.

Со оглед дека од поднесената кривична пријава се изминати 6 месеци и нема никаков одговор од Основното јавно обвинителство, а Комисијата за заштита од дискриминација не поведе постапка за поднесената претставка, Хелсиншкиот комитет повторно, и во овој извештаен период, утврди неефикасна заштита од дискриминација на граѓаните од страна на надлежните институции.

# СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

## РЕСТРИКТИВНАТА ПОЛИТИКА ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА

Значителен дел од фокусот на работењето на Хелсиншкиот комитет во последните два месеци беше посветен во делот на бесплатната правна помош за лица на кои им се прекршени правата од областа на социјалната заштита, како и повреда на правата во постапката за остварување на правото на инвалидска пензија.

Постапувајќи по барања на граѓаните, надлежните органи во најголем случај носат решенија со кои неосновано се одбиваат нивните барања. Од увидот во повеќе решенија кои ни беа доставени, воочливо е дека се даваат нецелосни и паушални образложенија со кои се одбиваат барањата како и повторување на истите формулации без да се земе предвид конкретната фактичка состојба по која треба да се одлучува.

Во еден од случаите, на корисник на инвалидска пензија одобрена со привремено решение, кој се наоѓа во исклучително тешка здравствена состојба, при задолжителниот контролен преглед пред Комисијата за задолжителен контролен преглед, без никакво образложение е констатирано дека не постои ни општа ниту професионална неспособност за работа заради остварување на право на инвалидска пензија, односно дека странката е способна за вршење на работа. Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија – Стручна служба – Филијала - Струмица со решение констатирала дека не се исполнети условите за продолжување на правото на инвалидска пензија. Притоа, Наодот, оцената и мислењето воопшто не соодветствува со фактичката состојба, односно со здравствената состојба на засегнатото лице. Не само што од првичниот преглед кога на лицето со привремено решение му е одобрено правото на инвалидска пензија - таа не е изменета, туку во меѓувреме неговата здравствена состојба е влошена, за што лицето поседува и комплетна медицинска документација, која ја приложил како доказ.
Дополнителен проблем е и тоа што странката е на 59 годишна возраст, со засметан 33 годишен работен стаж, и не е во можност повторно да се вработи.
Хелсиншкиот комитет обезбеди бесплатна правна помош со изготвување на жалбата до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, при што се чека на одлуката од Второстепената комисија.

Загрижува фактот што овој случај не е изолиран и станува редовна пракса на постапување на надлежните институции кои одлучуваат за остварување на правата од областа на социјалната заштита. Се отфрлуваат барањата на граѓаните без никаква поткрепена аргументација, со конфузни и најчесто слични образложенија, иако се работи за различни случаи.

Рестриктивноста и ригидноста на ваквата социјална политика најмногу ја чувствуваат социјално-ранливите категории на граѓани, кои се вовлечени во административниот лавиринт без никаква поддршка и заштита од страна на надлежните институции.

# СУДСКИ СЛУЧАИ

## ЗАПОЧНАТА СУДСКА ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ЗАШТИТА ОД ПОЛИТИЧКА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Хелсиншкиот комитет за човекови права е дел од неформална мрежа за заштита од дискриминација која е составена од 8 невладини организации кои покрај останатите активности кои ги имплементираат, делуваат и во полето на заштита од дискриминација.[2] Мрежата за заштита од дискриминација има за цел да развива стратегиско застапување во случаи на дискриминација преку поднесување предмети пред Комисијата за заштита од дискриминација и пред домашните и меѓународните судови, како и преку обезбедување бесплатна правна помош во стратегиски случаи на дискриминација.

Како одговор на поднесено барање за бесплатна правна помош од страна на група граѓани кои побараа заштита од политичка дискриминација во работен однос, кои со промената на локалната власт беа отпуштени од работа, Хелсиншкиот комитет за човекови права како дел од мрежата за заштита од дискриминација, излезе во пресрет на ова барање при што обезбеди бесплатна правна помош и во координација со адвокатот на тужителите подготви тужба за утврдување на наводната дискриминација во конкретниот случај која беше доставена до надлежниот суд. Исто така, Комитетот, во согласност со Законот за парнична постапка и во соработка со останатите организации кои членуваат во мрежата, донесе одлука да достави до судот предлог за замешување во постапката од страната на тужителите. Замешувањето во судските постапки на здруженијата на граѓани, кои се борат против дискриминацијата во било која форма и по било кој основ и кои имаат долгогодишно искуство во работењето во оваа област, е и во духот на Законот за спречување и заштита од дискриминација, чија основна цел е да го заштити правото на еднакво постапување кон граѓаните. До моментот на пишување на овој извештај, судот сè уште немаше донесено одлука со која ќе дозволи замешување во постапката или предлогот ќе биде одбиен.

За крај, сакаме да истакнеме дека иако постојат голем број на пријави за вршење на дискриминација врз основа на политичка припадност и уверување, која е забранета со Законот за спречување и заштита од дискриминација, досега се водени само неколку судски постапки за утврдување на дискриминација по овој основ, поради што не е создадена судска пракса во оваа област. Имајќи предвид дека се работи за стратешки

---

[2] Мрежата за заштита од дискриминација има за цел да развива стратегиско застапување во случаи на дискриминација преку поднесување предмети пред Комисијата за заштита од дискриминација и пред домашните и меѓународните судови. Развојот на домашната практика е поттикната преку обезбедување бесплатна правна помош во стратегиски случаи на дискриминација. Мрежата беше воспоставена во декември 2010 од страна на следните организации: Фондација отворено општество – Македонија; Асоцијација за здравствена едукација и истражување (ХЕРА); ХОПС - Опции за здрав живот; Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија (ЕСЕ); РОМА С.О.С. Прилеп; Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА.

случај, сметаме дека овој случај може да придонесе за создавање на судска пракса за утврдување и заштита од политичка дискриминација, а со тоа и подигнување на свеста кај граѓаните за можноста од судска заштита од дискриминација по сите основи предвидени во Законот.

## УТВРДЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ ПРИ ВОДЕЊЕТО НА СУДСКИ СЛУЧАИ

Во изминатиот период Хелсиншкиот комитет забележа значително зголемување на бројот на претставки од засегнати граѓани кои рагираа на водењето на постапките пред надлежните судови. При разгледувањето на овие претставки како и поднесената документација, Комитетот во неколку случаи утврди повреди на пропишаните законски регулативи.

Во еден од случаите Основниот суд Скопје 1 Скопје, донел решение со кое на доверител му се досудува во сопственост недвижен имот, како на единствен и најповолен понудувач. Решението е со печат на правосилност од **26.09.2001** година. Во меѓувреме е покрената навремена жалбена постапка пред Апелациониот суд од Скопје. Девет месеци подоцна Основниот суд донел решение за запирање на извршна постапка, со цел таа да продолжи против истиот должник но со друг доверител. Во образложението на второто решение е наведено дека судот утврдил дека првото донесено решение станало правосилно на **27.02.2002** година. Двата различни датуми на правосилност на исто решение е сериозна повреда на правото и грубо прекршување на законските норми, кое особено влијае на фактичката состојба и правната работа во случајот. Имено, барањето на присилна наплата по основ на заостанати плати од 14.12.2001 на еден од стечајните работници на фирмата должник во подоцнежната постапка му се оспорува, од причини што надлежниот суд се повикува на првиот датум на правосилност на решението, поради што двајца стечајни работници не се во можност да го наплатат својот долг, односно заостанатите плати. Во овој случај е поведена и постапка на ревизија пред Врховниот суд на РМ.

Во вториот случај, решавајќи по тужбено барање за исплата на долг од Јавното претпријатие Водостопанство Берово - Берово, Основниот суд во Берово донел пресуда во која во образложението судот се повикува на Законот за финансиско работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93 и 32/97), кој престанува да важи на 30 јуни 2001 година, а за постапка во која спорното правно дејствие се случува од 2008 до 2012 година. Во пресудата од Апелациониот суд во Штип кој одлучувал по жалба, не се земени предвид жалбените наводи во однос на постапување на првостепениот суд според Закон, кој е вон сила и нерелевантен за одлучување во конкретната правна работа. Странката беше советувана да се обрати и до Судскиот совет на РМ, со образложение за својот случај.

Неправилности при водењето на парнична постапка пред Основниот суд Скопје 2 Скопје, беа пријавени и од страна на граѓани, на кои им беше оневозможено да добијат записник од судско рочиште, во кое тие се јавуваат како тужена странка, со што е сторена директна повреда на член 119 став 3 од Законот за парничната постапка, со која судот е задолжен да им издаде примерок на странките од записникот. Хелсиншкиот комитет реагираше со претставка до Претседателот на Основниот суд

Скопје 2 Скопје, по која што на странките им беше доставен бараниот примерок од записникот.

Од многубројните реакции на граѓаните и недовербата која тие ја изразуваат во однос на работата на судовите, се стекнува впечатокот дека не е постигната целта за ефективност, објективност и правичност во работата на судовите во Република Македонија.

# ПРАВА НА ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА

## ВОВЕД

Крајот на годината го одбележаа неколку позитивни настани, кои за жал не останаа без темна дамка, направена токму од институци кои треба да се залагаат за еднаквоста и слободата на изразување. Кампањата „Македонија има љубов за сите" имаше рекордна посетеност на интеренет страницата и на профилите на Фронт Лајн Дифендерс, а изврши и силно позитивно влијание преку радио емитувањата пошироко во општеството. Креирањето на оваа позитивна атмосфера и споделувањето на позитивни пораки допринесе оваа година Маршот за толеранција да помине мирно и без инциденти, што и беше крајна цел на кампањата. За жал неколку радија, кои ќе ги најдете подоле во самиот текст за кампањата, одбија да ги емитуваат аудио џингловите заради нивната содржина (повикување на ненасилство и еднаквост за ЛГБТИ луѓето). Наместо одбрана, претседателот на Советот за радио дифузија го израмни движењето за човекови права со пчеларство, небулоза која целосно го разоткри неговото непознавање и несоодветност за позицијата на која е именуван. Сето ова укажува на уште долг пат кој треба нашето општество да го изоди, најнапред кон препознавањето, а потоа и кон заштита на сите луѓе за да ги уживаат универзалните човекови права.

## ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

### Прес-конференција: Промоција на кампањата „Македонија има љубов за сите"

Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија и ЛГБТИ Центарот за поддршка на 7 ноември во 12:00 часот во просториите на ЕУ Инфо Центарот во Скопје одржа прес-конференција по повод промоција на вториот дел од кампањата „Македонија има љубов за сите".

Поради зголемената потреба за осуда на насилството, подигнување на свесноста и промоција на толеранцијата, ЛГБТИ Центарот за поддршка и Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ со поддршка на Front Line Defenders (ФЛД) ја изработија радио и интернет кампањата „Македонија има љубов за сите". Оваа кампања пред сѐ беше фокусирана на осуда на насилството и давање поддршка на ЛГБТИ луѓето.

Кампањата „Македонија има љубов за сите“ се состоеше од два дела. Во првиот дел се прикажуваа лични искуства на припадници на ЛГБТИ заедницата, жртви на насилство или лица чии блиски се ЛГБТИ кои биле жртви на насилство, додека вториот дел од кампањата беше концентриран на јавни личности кои ја изразуваа својата поддршка за ЛГБТИ луѓето и истовремено го осудуваа насилството и повикуваа на толеранција кон ЛГБТИ заедницата во Република Македонија.

Имајќи го предвид фактот дека радиото е медиум кој може да допре до поголем број слушатели, целта на оваа кампања беше да помогне во промената на јавниот дискурс апелирајќи да не се дискриминираат луѓето по различни основи, вклучително и сексуалната ориентација, како и да ги притисне властите да го спречат насилството и да оние кои извршиле насилнички дејства бидат повикани на одговорност.

Кампањата доби свој простор на повеќе радио станици во Македонија, простор на интернет портали, како и своја веб страница, која содржи и петиција до Премиерот и Владата на РМ, за да сторат сѐ што е во нивна моќ да се борат против насилството кон ЛГБТИ луѓето. Петицијата е достапна на три јазика и можат да ја потпишат сите кои поддржуваат живот без насилство, а досега има собрано повеќе од 500 потписи.

Кампањата воедно претставуваше и најава за претстојниот Марш на толеранција кој се одржа на 16 ноември, 2013 година, под слоганот „Македонија има љубов за сите - Насилството не почнало и нема да заврши со мене!“.

Но за жал, иако кампањата во времето додека се емитуваше (кампањата заврши на 15 ноември, пред одржување на Маршот на толеранција) беше доста актуелна и успешна во јавноста, сепак дел од македонските радио станици не најдоа простор да ја емитуваат оваа кампања во рамките на својата програма. Меѓу радио станиците и веб пораллите кои одбија да ја емитуваат кампањата беа: радио Фортуна, радио Вати и веб порталот Алмакос, а дел од нив како: радио Антенна 5, радио Буба Мара и Македонско радио не се ни потрудија да одговорат на барањето.

Организаторите на кампањата изразија жалење за ваквиот однос од страна на македонските радио станици кои одбија да ја емитуваат кампањата, додека истовремено испратија барање до Советот за радиодифузија за бесплатно емитување на оваа кампања како кампања од јавен интерес според Законот за радиодифузна дејност (види повеќе во дел Институции).

**Одржан петтиот Марш на толеранција**

На 16 ноември, 2013 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија и ЛГБТИ Центарот за поддршка во соработка со уште четиринаесет други невладини организации, по петти пат го организираа Маршот на толеранцијата одлучувајќи заедно да му кажат НЕ на насилството кое станува дел од секојдневието на нашето општество.

За жал, во нашето општетство полека но сигурно насилството се претвора во секојдневие коешто во овие моментални услови станува навика. На првиот фронт жртви се секогаш ранливите и маргинализирани групи кои на своја кожа го чувствуваат притисокот на структурната нефункционалност од која што уште повеќе произлегува гневот кон различноста. Институциите пак, сѐ повеќе се пасивизираат во однос на откривање на сторителите, овозможувањето на пристап до правда за жртвите и спроведување на конкретни процедури рамноправно за сите во РМ. Оваа година, за жал, насилството кулминираше во сите сегменти на нашето општество.

Маршот, кој се одржа под слоганот „Македонија има љубов за сите - Насилството не почнало и нема да заврши со мене!" и чија цел беше одбележувањето на Меѓународниот ден на толеранцијата, беше посветен на правото на живот ослободен од насилство. Симболично во пет минути до дванаесет часот пред Владата на Република Македонија, овогодинешниот Марш започна со кратко излагање на претставници од секоја од организациите кои земаа учество во настанот, каде од аспектот на својот делокруг ги претставија предизвиците на насилното однесување со кое секојдневно се соочуваат. Иако говорите се разликуваа, пораката во нив беше иста – НЕ за насилството, НЕ за молкот на институциите, НЕ за неказнивоста на насилниците.

Оттаму, поворката се упати кон центарот на градот, од каде преку Камениот мост пристигна на платото пред стоковната куќа Мост, каде првиот дел од настанот заврши со културно-уметничка програма, поетски стихови и музика. Обележувањето на Меѓународниот ден на толеранцијата заврши со проекција на кратки филмови и дебата, по што следеше краток коктел и забава.

Учесници во овогодинешната поворка покрај организаторите - Хелсиншкиот Комитет за човекови права и ЛГБТИ Центарот за поддршка, беа и: Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници", Tiiiit! Inc. – женско движење, Субверзивен фронт – здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста, СТАР - СТАР – Граѓанска инцијатива за промоција и унапредување на правата на сексуалните работници, TerraFloria – здружение за заштита на животната средина, Паркобрани, Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, ХОПС– Опции за здрав живот, Анима Мунди – здружение за заштита на животни, НРЦ - Национален Ромски Центар, Civil – Центар за слобода, Плоштад Слобода и МОФ – Младински образовен форум. Истите, со свои претставници и поддржувачи решија да застанат рамо до рамо со организаторите барајќи осуда на насилството во која било форма и поголема вклученост на надлежните институции во откривањето и казнувањето на сторителите.

**Панел дискусија на тема „Стратешко застапување (литигација) на случаи на дискриминација врз основа на сексуална ориентација"**

По повод презентација на трудот „Стратешко застапување (литигација) на случаи на дискриминација врз основа на сексуална ориентација“[3] изработен од страна на проф. д-р Љубомир Фрчкоски беше одржана панел дискусија.
Панелисти беа проф. д-р Љубомир Фрчкоски, автор на документот и универзитетски професор, Душко Миновски, претседател на Комисијата за заштита од дискриминација, Наташа Бошкова, адвокат и соработник на Коалицијата "Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" и Снежана Лупевска, авторка и новинарка. На панел дискусијата се разговараше околу насоките и мерките за подобрување на приодот на релевантните и засегнати чинители во застапувањето на случаи кои тангираат припадници на ЛГБТИ заедницата.

Панел дискусијата се одвиваше динамично, со учество на присутните додека панелистите ги споделуваа своите гледишта.

Проф. д-р. Фрчкоски го презентираше документот и ги истакна главните заклучоци во однос на стратешкото застапување и неговото видување во однос на тоа како невладините организации можат да ја искористат оваа алатка за подобрување и менување на недостатоците во македонското законодавство и практика во однос на заштитата од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Имено, ги истакна главните точки во однос на критериумите за селекција на случаи кои преку нивно стратешко застапување би можеле да допринесат до пошироки ефекти кон менување на праксата и подобрување на законодавството, односно, критериумите поврзани со правниот систем, со социјалниот контекст и со одбирањето на клиентот, односно случајот.

Веднаш по професорот говор имаше и претседателот на Комисијата за заштита од дискриминација кој истакна дека и покрај ограничените ресурси и работа на Комисијата поради различни фактори, повеќе од јасна е важноста за поставување на позитивен пример во полето на заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Преку позитивна пракса на Комисијата како и на останатите надлежни институции би се отворил патот на поедноставување на понатамошните постапки. Во тој контекст го спомена и случајот на учебник со хомофобични содржини во кој Комисијата утврди дискриминација и по нејзина препорака Министерството за образование направи промена во одредени делови на содржината на учебникот. Сепак заклучи дека е потребна и поголема активност од страна на на жртвите од дискриминација во ЛГБТИ заедницата и невладиниот сектор во однос на поднесувањето на претставки, иако исто така напомена дека голем дел од претставките не добиваат одговор во законскиот рок поради ограничените ресурси и лимитираните надлежности на Комисијата.

По развиената дискусија со присутните на панелот во однос на работата на Комисијата и нејзината важност во полето на промоцијата на заштита од дискриминација, збор зеде адвокатката Наташа Бошкова која презентираше досегашни позитивни практики во однос на стратешко застапување на случаи во

[3]http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/528/Stratesko_zastapuvanje_MK_19-12.pdf

областа на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Детално претстави како во два  случаи биле искористени алатките на стратешко застапување. Повеќе детали за случаите може да прочитате во Анексот на документот за Стратешко застапување,[4] кој е достапен за преземање на веб страните на Хелсиншкиот Комитет и на ЛГБТИ Центарот за поддршка.
На крајот збор зеде претставничката од медиумите, Снежана Лупевска, која иако истакна дека моменталната состојба на медиумите во државата е загрижувачка сепак претстави една позитивна нишка на изработката на документарните емисии кои во своето јадро говореа за предизвиците на ЛГБТИ заедницата во Македонија. Ги претстави и предизвиците со кои се соочиле во процесот на изработка на овие емисии каде како најголем проблем го посочи недостатокот од луѓе кои се спремни да говорат за своите животи и проблемите со кои се соочуваат.

По исполнетата дебата и дискусија беше заклучено дека е потребно да се пристапи од сите аспекти кон еден случај доколку се очекуваат позитивни ефекти од неговото стратешко застапување. Почнувајќи од издржливоста и спремноста на жртвата, до ангажираноста и посветеноста на невладините организации кои подготвено би застанале позади случајот, до стручноста на правниот тим кој би ја иницирал и следел постапката, до медиумите кои преку позитивен пристап на истражување и анализа би пристапиле кон известување на јавноста со цел да се поттикне нејзиниот интерес. На крај секако голема улога игра и отвореноста на институциите кои би го разгледувале и решавале објективно и професионално овој случај, каде најбитна е спремноста на професионалците да се соочат со предизвиците кои тој случај би ги донел.

**Законодавна иницијатива “Член 3“ – Граѓанска иницијатива за хармонизација на националното антидискриминационо право со правото на ЕУ**

ЛГБТИ Центарот за поддршка како подружница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ во соработка со Националниот демократски институт (НДИ), канцеларијата во Скопје, започна со реализација на проектот Зајакнување на капацитетот на граѓанските организации за учество во законодавниот процес, каде што Центарот ќе биде посветен на реализација на законодавната иницијатива “Член 3“ – Граѓанска иницијатива за хармонизација на националното антидискриминациско право со правото на ЕУ. Опсегот на проектот е ограничен на Членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а активностите на ЛГБТИ Центарот за поддршка ќе бидат насочени кон законско дефинирање на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како посебни можни основи за дискриминација, преку донесување на Закон за измена и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во функција на промовирањето на човековите права како универзална вредност, од интерес за сите граѓани на Република Македонија, а со оглед на принципиелната отвореност на Центарот за учество на што поголем број на заинтересирани и засегнати страни, реализацијата на проектот ќе биде координирана преку работна група, сочинета од повеќе организации, активни на полето на

[4] http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/528/Stratesko_zastapuvanje_MK_19-12.pdf

промоција и заштита на правата на маргинализираните заедници. Така, оваа прилика ќе може да се искористи и за внесување на сите други основи кои можеби се пропуштени во Членот 3, проширувајќи ја потребната заштита од дискриминација на најмаргинализираните групи во нашето општество.

---

## ИНСТИТУЦИИ

---

**Радио кампања „Македонија има љубов за сите“**

Во делот застапување и лобирање од овој извештај беше опишана кампањата која ја изработија ЛГБТИ Центарот за поддршка и Фронт Лајн Дефендерс. Со оглед на тоа што кампањата има за цел да се намали насилството врз ЛГБТИ луѓето и нивните родители и пријатели, согласно член 96, алинеја 3 од Законот за радиофузна дејност кампањата претставува кампања од јавен интерес насочена кон промовирање на основните човекови права и слободи, односно правото на живот без насилство.

Хелсиншкиот Комитет испрати писмено барање до Советот за радиодифузија за потврда со која што ќе се овозможи пристап за бесплатно емитување на кампањата на радио програмските сервиси т.е. потврда дека кампањата Македонија има љубов за сите е кампања од јавен интерес.

Во одговорот што беше вратен на барањето за потврдата, Советот за радиодифузија одговори дека е надвор од нивна надлежност да даваат било какви сугестии или мислења за програмските содржини наменети за радио емитување пред да бидат емитувани на програмите на радиодифузерите (радио станиците). Тие наведуваат дека радиодифузерите се независни во креирањето на својата уредувачка политика и сами одлучуваат кои содржини ќе ги емитуваат.

Исто така на јавната седница на Советот за радиодифузија одржана на 11.11.2013 година на тема „Родот и медиумите“ претставник од Хелсиншкиот Комитет за човекови права на РМ и ЛГБТИ Центарот за поддршка постави прашање дали оваа кампања заслужува свое место за бесплатни емитување како кампања од јавен интерес според член 96 од Законот за радиодифузна дејност. Од Претседателот на Советот, Зоран Трајчевски, доби одговор кој настојуваше дека правата на една група од популацијата не се од јавен интерес. Имено, Претстедателот на Советот одговори дека барањето кое било поднесено од Хелсиншкиот Комитет во врска со оваа кампања било разгледано на седница и по истото ќе биде доставен писмен одговор, меѓутоа објасни и дека Советот за радиодифузија не е надлежен да одлучува што е јавен интерес, со тоа што смета дека јавен интерес на една мала група (1% од популацијата) не може да биде интерес и на останатото население кое е мнозинство. По прашање дали смета дека процентот на групата е важен во однос на рамноправноста на сите граѓани на РМ, тој одговори дека иако е дискутирано за тоа прашање, сепак постојат и други групи, здруженија и граѓани како на пример здружение на пчелари, па не гледа причина зошто ЛГБТИ заедницата би требало да биде ставена на прво место во РМ, со оглед на тоа што тој не смета дека „таканаречените“ права на ЛГБТИ луѓето се загрозени на некој начин во однос на останатите граѓани на РМ.

Би сакале само да го потсетиме претседателот на Советот за радиодифузија дека за разлика од сите слободни здруженија на граѓани кои се бават со различни дејности како пчеларство, за среќа досега по информациите со кои ние располагаме , не биле нападнати повеќекратно во една година додека институциите останале во молк. Би сакале само да нагласиме уште еднаш за сите претставници на институциите кои досега немале можност да се информираат, барањата на ЛГБТИ здруженијата се еднаков пристап до правда и заштита на човековите права и слободи кои не смеат и не можат да се делат по карактеристики и приоритети, без разлика на доменот во општеството. Апсурдно е Советот за радиодифузија да дели мислење дека нечии права не треба да бидат на иста скала како и оние на мнозинството.

**Марш на толеранција и соработка со државните институции**

Со цел да се осигура безбедноста на учесниците на петтиот по ред Марш на толеранција (за повеќе види во делот Застапување и лобирање од овој извештај), истиот беше најавен во МВР со барање за обезбедување на учесниците на Маршот. Исто така беше испратено известување до Општина Чаир дека ќе биде искористено и платото пред Стоковна Куќа Мост.

Маршот помина мирно и без никакви инциденти. Хелсиншкиот комитет и ЛГБТИ Центарот за поддршка имаа добра соработка со полициските службеници од СВР Скопје при Министерството за внатрешни работи кои докрај останаа доследни на својата професија и обврска за заштита на учесниците. Присуството на припадниците на полицијата со својата добра организација и висока видливост во текот на целиот настан се покажа како доволно за да се избегнат сите инциденти кои можеби и се закануваа на успешната организација на Маршот.

## МЕДИУМИ

Во ноември, посебен интерес за ЛГБТИ заедницата во Република Македонија предизвика одржувањето на петтиот по ред Марш на толеранцијата, со кој официјално се заврши и круниса кампањата "Македонија има љубов за сите", организирана од страна на ЛГБТИ Центарот за поддршка и Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија (МХЦ), а со поддршка од Front Line Defenders (ФЛД). Меѓутоа, медиумскиот интерес кој го предизвика овој настан на крајот сепак не можеше, а да не падне во сенка на повторното медиумско сензационализирање, искривување на факти и селективно прикажување на информации. Имено, во текот на самата кампања (пред најавувањето и одржувањето на Маршот), постоечкото медиумско покривање, иако лишено од вниманието на најголемиот дел од националните телевизиски медиуми, беше направено главно етички, неутрално и урамнотежено[5]. Но, работите започнаа да се менуваат со

[5] http://www.plusinfo.mk/vest/111391/Makedonija-ima-ljubov-za-site---kampanja-protiv-nasilstvoto-na-LGBTI-lugjeto, http://a1on.mk/wordpress/archives/226643, http://www.radiomof.mk/makedonija-ima-lubov-za-site-radio-kampana-za-poddrshka-na-lgbti-zaednitsata/, http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=19&vest=8958, http://www.plusinfo.mk/vest/113284/Site-se-povikani-da-marshiraat-za-tolerancija-na-16-noemvri,
*(footnote continued)*

најавувањето на Маршот на толеранцијата (кој се одржа на 16.11.2013г.). Иако самата радио кампања беше насочена против насилството кон ЛГБТИ популацијата во РМ, Маршот претставуваше една заедничка акција на четиринаесет невладини организации со која сите тие изразија протест против насилството со кое секојдневно се соочуваме во нашето општество. Поддршката на ЛГБТИ популацијата и осудата на насилството против нив беше само еден од неколкуте аспекти преку кои беше осудувано насилството и неказнивоста на насилниците во РМ, но пет наши медиуми во седум различни наврати[6] увидоа прилика за карактеризирање на целиот настан како "(мини) геј парада". За контрадикторноста и сензационализмот да бидат уште поголеми, говори и фактот дека ниту еден од овие медиуми не пишува за "геј парада" на ниту едно друго место освен во насловот, оставајќи простор ваквото медиумско однесување да биде класифицирано како "уредничка" или "редакциска" слобода. Но, со ваквата селективност читателот е доведен во заблуда и не се запазува новинарска должност за сеопфатно информирање, оставајќи го на крајот целиот текст конфузен, неразбирлив и полн со противречности и недоречености. Понатаму, еден друг медиум[7] даде и политичка класификација на настанот, тврдејќи дека "во одбрана на геј популацијата" застанале повеќе мали невладини организации, идеолошки блиски до опозицијата, како и дека "меѓу хомосексуалците и бисексуалците беа и новинари вработени во опозициските портали". Со овој чекор, споменатиот медиум повторно ја дезинформира јавноста, политички обојувајќи и дискредитирајќи го целиот невладин сектор во РМ, повторно ги понижува и се потсмева со ЛГБТИ луѓето во Македонија, претставувајќи ги како негативниот компаратор помеѓу кој биле и "новинарите вработени во опозициските портали". При останатото покривање[8] на радио кампањата и Маршот на толеранцијата со кој таа заврши, можеме да кажеме дека беа почитувани основните принципи на новинарското работење иако повторно беше забележителен недостатокот од суштинска анализа за општественото влијание на темата на кампањата. Медиумското покривање на кампањата "ЛГБТИ права се човекови права" организирана од Женска Алијанса во соработка со Субверзивен Фронт и Иницијативата "Слободни и еднакви" на Канцеларијата за човекови права на

---

http://24vesti.mk/kampanjata-za-lgbt-pravata-ja-odbija-povekje-radio-stanici-vo-makedonija, http://makfax.com.mk/322915/marsh_na_tolerancijata_po_petti_pat_vo_makedonija

6 http://www.press24.mk/utre-mini-gej-parada-vo-skopje, http://www.skopjeinfo.mk/gradot/870500528/denes-ke-se-odrzi-mini-gej-parada-vo-skopje, http://www.press24.mk/node/48207, http://maxim.mk/foto-vrie-od-policija-na-skopskata-gej-parada, http://ekonomski.mk/2013/11/16/%D1%84%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%B3%D0%B5%D1%98-%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5/, http://www.skopjeinfo.mk/gradot/1315047511/foto-mini-gej-parada-vo-skopje, http://zase.mk/eve-kolku-politsija-ja-obezbeduva-skopskata-gej-parada/

7 http://www.sitel.com.mk/mk/marsh-na-tolerancija-0

8 http://24vesti.mk/petti-marsh-na-tolerancijata-vo-skopje-so-poraki-protiv-nasilstvoto, http://lokalno.mk/skopje-marsh-na-tolerancija-makedonija-ima-ljubov-za-site/, http://www.radiomof.mk/marsh-za-tolerantsija-sredonoshkoltsite-ne-se-chuvstvuvaat-bezbedno/, http://www.tera.mk/2013111672568/aktuel/petti-marsh-na-tolerancijata, http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=9463, http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=9463

Обединетите Нации, и на Европската спортска федерација на хомосексуалците и лезбијките беше направено на главно професионален и етички начин[9].

Исто така, етички и неутрално беше пренесувана и веста[10] за организацијата, одржувањето и настаните кои следеа по референдумот во Хрватска за уставно дефинирање на бракот како заедница помеѓу еден маж и една жена.

При медиумското покривање на говорот на омраза кој членот на жирито на емисијата "Х фактор", Жељко Јоксимовиќ, го упати кон транс жената Фифи, можеме да забележиме една многу интересна ситуација. Имено, иако медиумското покривање е направено на воглавно етичен и неутрален начин, сепак главна карактеристика на речиси сите статии кои ја обработуваа темата е елементарното непознавање на поимот "родов идентитет". Најголемиот дел од националните медиуми за натпреварувачката Фифи пишуваа во машки род[11], освен во случаите кога цитираа делови од писмените реакции на здруженијата за заштита на правата на ЛГБТИ лицата во Србија, па така можеме да видиме статии во кои се користат и машкиот и женскиот род при пишувањето за Фифи[12], создавајќи една конфузна ситуација во која секој читател би се загубил.

При анализата на медиумското покривање на Законот за спречување на дискриминација на ЛГБТ луѓето при вработување, кој во ноември беше изгласан од страна на Сенатот на САД, повторно можеме да ја забележиме медиумската неутралност, етичност и урамнотеженост карактеристична за покривањето на

---

[9] http://www.redup.mk/site/out/1052449-kampanja-za-chovekovite-prava-na-lgbt-licata, http://novatv.mk/index.php?navig=8&vest=9664&cat=2, http://libertas.mk/%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%80%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D0%BA%D0%B0%D0%BC%D0%BF%D0%B0%D1%9A%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%87%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0/

[10] http://grid.mk/read/news/506306244/5324357/hrvatska-utre-kje-reshava-za-ustavnoto-definiranje-na-brakot, http://grid.mk/read/news/506306244/5323240/zagreb-marsh-protiv-ustavnata-definicija-na-brakot, http://daily.mk/hrvatska-podelena-pred-referendumot-za-ustavno-definiranje-na-brakot?forward=2607774, http://daily.mk/hrvatska-podelena-pred-utreshniot-referendum-za-ustavno-definiranje-na-brakot?forward=2607613, http://daily.mk/hrvatska-podelena-pred-referendumot-za-ustavno-definiranje-na-brakot?forward=2607626, http://grid.mk/read/news/506303410/5320865/seve-vo-odbrana-na-lgbt-populacijata-ako-molchite-utre-kje-dojdat-i-po-vas, http://www.akademik.mk/hrvatite-na-referendum-glasaa-protiv-istopolovite-brakovi

[11] http://maxim.mk/treba-li-zheljko-joksimovikj-da-se-izvini, http://www.plusinfo.mk/vest/113185/LGBT-zaednicata-bara-izvinuvanje-od-Zheljko-Joksimovikj, http://sky.mk/exclusive/24536-fifi-krena-prashina-joksimovikj-odgovarashe-na-kritikite-od-lgbt-zaednicata,

[12] http://prvi.mk/2013/11/06/zhelko-joksimovik-se-doobjasnuva-za-travestitot-od-makedonija/, http://hitportal.com.mk/Show_Bizz-detail/poradi-fifi-lgbt-zaednitsata-bara-izvinuvane-od-zhelko-joksimovik/?utm_source=daily.mk, http://kurir.mk/magazin/scena/136410-LGBT-aktivistite-go-osuduvaat-odnosot-na-Zeljko-Joksimovik-kon-Fifihttp://www.redup.mk/site/out/1023055-lgbt-aktivistite-go-osuduvaat-odnosot-na-zeljko-joksimovikj-kon-fifi, http://zazabava.com/zheljko-izvini-i-se-na-fifi, http://www.telegraf.mk/zabava/estrada/59858-lgbt-zeljko-diskriminira-transvestit

странски настани од интерес за ЛГБТИ заедницата[13], зачинета со пристрасното спинување на информациите и непотребниот сензационализам, кои повторно беа присутни кај дел од медиумите[14]. Имено, споменатите медиуми во своите наслови тврдат дека станува збор за закон за поддршка на хомосексуалците (и транссексуалците), со што кај читателот се остава впечаток дека станува збор за дополнителна и вонредна поддршка кон ЛГБТИ заедницата (со што се зацврстува стереотипот дека "ЛГБТИ лицата постојано бараат некои посебни права"), а не за примена на принципот на недискриминација (како основно право кое не се "бара", туку се "има"). Еден медиум[15] отиде и чекор понатаму, што објави еден неповрзан такст (во текстот се говори за некаков "американски закон за сузбивање на дискриминација", кој не е актуелниот Законот за спречување на дискриминација на ЛГБТ луѓето при вработување), кој беше насловен "Да го запреме злото на време: Педофилите бараат права како хомосексуалците!" и кој се обидуваше да го изедначи барањето за подобрувањето на правата на ЛГБТИ лицата со обид и заговор за легализирање на педофилијата. Освен тоа што веста беше пренесена во сомнително соодветен момент, таа всушност пренесуваше текст кој е стар повеќе од две години, истата е исполнета со невистинити информации, пристрасност, сензационализам, селективно прикажување на информациите и тенденциозност да се етикетира движењето на една цела заедница на луѓе во РМ како почеток на огромно и неизбежно зло. Деталната и опсежна критика на овој текст може да се прочита во рецензијата на текстот објавена во рамките на проектот на УСАИД за зајакнување на медиумите во Македонија, Сервис за проверка на факти од медиумите[16].

Исто така, во ноември во македонскиот медиумски простор можеше да се забележи и една статија под наслов "Нема да ви се верува: Дневник за да му наштети на СДСМ ги брани педерите во Исланд од Дуња Мијатовиќ?!"[17], во која авторот не само што не ги напаѓа ЛГБТИ луѓето, туку и ги напаѓа двојните стандарди на медиумот Дневник, "кој заедно со власта 24/7 прават партал од нашата ЛГБТ заедница ја напаѓа Дуња Мијатовиќ како ги оштетила ЛГБТ дечките од Исланд со тоа што им забранува да донесат закон во кој ќе лежат затвор сите оние кои пишуваат со омраза против нив?!". Меѓутоа, без разлика што авторот негативно ја оценува јавната политика по ЛГБТИ прашањето, тука повторно станува збор за непотребно и неетичко медиумско сензационалзирање и стигматизирање преку поставувањето на зборот "педерите" во самиот наслов, најверојатно за да се зголеми неговата ударност и истиот да е повпечатлив.

Месецот декември пак, помина без медиумска покриеност на некој поголем национален настан од интерес за ЛГБТИ заедницата во РМ. Тоа не значи дка месецот

---

13 http://a1on.mk/wordpress/archives/233849
14 http://telma.com.mk/index.php?task=content&cat=1&rub=5&item=32172, http://www.press24.mk/senatot-vo-sad-usvoi-zakon-za-poddrshka-na-homoseksualcite
15 http://denesen.mk/web/2013/11/11/da-go-zapreme-zloto-na-vreme-pedofilite-baraat-prava-kako-homoseksualcite/#comment-14595
16 http://mediumi.vistinomer.mk/recenzija-da-go-zapreme-zloto-na-vreme-pedofilite-baraat-prava-kako-homoseksualcite/
17 http://maktel.mk/makedonija-2/item/8472-nema-da-vi-se-veruva-dnevnik-za-da-mu-nashteti-na-sdsm-gi-brani-pederite-vo-island-od-dunja-mijatovikj

помина без таков настан, напротив, во периодот од 19-22 декември во Скопје се одржа деветиот филмски ЛГБТИ Фестивал, "Ѕуница". Но, поради самата природа на фестивалот, истиот не беше медиумски промовиран и по неговото одржување беше известено од страна на само еден национален медиум[18]. Понатаму, за поздравување е тоа што месецов во медиумскиот простор можеа да се пронајдат неколку национални медиуми кои мошне етички и професионален начин изработија, или пренесоа текстови во кои се анализираа прашања од суштинско значење за ЛГБТИ заедницата во РМ[19].

За жал, недостатокот на поголеми национални настани од интерес за ЛГБТИ луѓето во РМ не значеше и отсуство на медиумското сензационалзирање и спинување на теми и информации кои на некој начин се однесуваат на, или се од значење за ЛГБТИ прашањата. Имено, еден национален медиум на 10.12.2013г. со задоцнување од шест месеци[20] ја пренесе веста под наслов ХОМОСЕКСУАЛЕН ПАР ПОСВОИЛ ДЕТЕ – ГО ПРОДАВАЛЕ ЗА СЕКС НА СВОИТЕ ГЕЈ ПРИЈАТЕЛИ (ФОТО), со што на непотребно контроверзен начин, сензационализрајќи ја сексуалната ориентација на педофилите, пренесе застарена и неактуелна вест. Медиумот отиде до таму што на својот портал објави и фотографија од малолетното дете кое беше жртва на овој немил настан, нарушувајќи го неговото право на приватност и постапувајќи спротивно на Кодексот на новинарите на Македонија[21]. Друг медиум пак, си дозволи да го дополни насловот на веста која се однесуваше на протестите на феминистките во Сан Хуан, Аргентина против строгите антиаборциски политики на тамошната Католичка Црква, а во кои имаше и испади на насилно однесување. Имено, медиумот ја насловува веста "Видео: Феминистки и хомосексуалци плукаат на христијаните"[22] и во неа пишува за испадите на насилно однесување на протестантите, сочинети од "феминистки и хомосексуалци" врз верниците кои ја "штителе" црквата. Меѓутоа ЛГБТИ Центарот ја истражи оваа приказна и на ниту едно место, ниту на изворното

---

18 http://emagazin.mk/%D0%B2%D0%B8%D0%BA%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D0%BE%D0%B2-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5-%D0%BF%D0%BE-%D0%B4%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%82%D0%B8-%D0%BF%D0%B0%D1%82-%D1%81%D0%B5-%D0%BE%D0%B4%D1%80/

19 http://lokalno.mk/pratenicite-nemaat-odgovornost-koga-deskriminiraat-vo-sobranie/, http://dnevnik.mk/?ItemID=113D8567E1C62D49AAFC51A06CE1225B, http://okno.mk/node/33594, http://makfax.com.mk/324973/istochna_i_zapadna_evropa_podeleni_okolu_gej_brakovite_i_homoseksualnosta, http://portal.com.mk/vesti-svet/istochna-i-zapadna-evropa-podeleni-okolu-gej-brakovite-i-homoseksualnosta.html, http://www.fama.mk/zanimlivosti/kategorii/ostanati-zan/10122-kolumna-na-novinar-homoseksualec-dali-site-protivnici-na-gej-brakovi-se-homofobi

20 Пренесувањето на оваа вест од страна на националните медиуми беше анализирано во *Двомесечниот извештај за човековите права во Република Македонија, Јули-Август, 2013*, изработен од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ и ЛГБТИ Центарот за поддршка. За повеќе информации, види стр.18 од Извештајот, достапен на http://lgbti.mk/uploads/926f955a-c6e6-468c-8c89-7c139c02aa8d.pdf

21 http://www.mim.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=88&Itemid=68%E2%8C%A9=

22 http://denesen.mk/web/2013/12/05/video-feministki-i-homoseksualci-plukaat-na-hristijanite/

видео на кое се повикува медиумот[23], ниту пак во вестите пренесени од страна на странските медиуми[24], не успеа да пронајде информација која укажува на тоа дека на насилните протести имало и "хомосексуалци". Напротив, странските медиуми кои ја пренесуваат оваа вест, како и описот на видеото на кое се повикува домашниот медиум, говорат за протест организиран само од страна на феминистичкото движење на Сан Хуан поради драконските ставови и политики на тамошната Католичка Црква во однос на правото на избор на жената. Зборот „хомосексуалец" воопшто не се споменува во тие извори. Така, медиумот тендециозно и крајно пристрасно ја менува содржината на самата вест, уште повеќе продлабочувајќи го јазот на нетолеранцијата која постои кон ЛГБТИ луѓето во нашето општество. Вредносните карактеризирања и стилизирања на фактички информации беа присутни и уште во два наврати. Прво, еден медиум го огласи каминг-аутот на еден британски спортист како "жална вест"[25], а друг пак, покривајќи го донесувањето на законот во Уганда со кој се предвидува и доживотен затвор за хомосексуално однесување напиша текст под наслов "УГАНДА: ДОЖИВОТНА РОБИЈА ЗА ПЕДЕРИ!"[26], со што сензационалистички и прилочно понижувачки начин, во самиот наслов на веста употреби збор кој се смета за толку навредлив за геј мажите, што го нема ниту во самиот закон со кој се предвидува "доживотна робија за педерите".

Во декември можеше исто така да се забележи и висок медиумски интерес за настани кои се случија во регионот. Така, етичкиот и професионален начин на известување беше забележлив при медиумското покривање каде предмет на интерес беше предлог законот за нов семеен кодекс кој хрватската Влада го одобри во декември[27], и кој предвидува хомосексуалните двојки да добијат речиси исти права како и хетеросексуалните, само по две недели откако граѓаните во доминантно католичката Хрватска на референдум се изјаснија против истополовите бракови. Истовремено, медиумското внимание беше насочено и кон истражувањето на јавното мислење во Црна Гора во однос на ЛГБТИ луѓето и реакцијата на Делегацијата на ЕУ на поразувачките резултати од истото[28]. Што се однесува до медиумскиот интерес за настани кои во декември се случија во други држави, можеме да кажеме дека интересот воглавно беше насочен на повторното воведување на законот со кој се предвидува

---

[23] http://popara.mk/2013/vesti/uganda-dozhivotna-robija-za-pederi/

[24] http://www.lifesitenews.com/news/horror-mob-of-topless-pro-abort-feminists-attacks-rosary-praying-men-defend, http://communities.washingtontimes.com/neighborhood/between-errands-april-thompson/2013/dec/5/argentina-women-attack-church-while-men-try-protec/, http://www.frontpagemag.com/2013/mark-tapson/violent-feminists-attack-argentinian-cathedral/, http://www.usnews.com/opinion/blogs/peter-roff/2013/12/05/could-argentinas-repulsive-pro-abortion-protests-come-to-the-united-states

[25] http://www.plusinfo.mk/vest/117188/FOTO-Zhalna-vest--Devojkite-luduvaat-po-nego-a-toj-prizna-deka-e-gej-

[26] http://popara.mk/2013/vesti/uganda-dozhivotna-robija-za-pederi/

[27] http://www.sitel.com.mk/mk/vladata-na-hrvatska-predlaga-pogolemi-prava-za-istopolovite-dvojki, http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=63BF384BE1465F4AA509782A860C28BE,

[28] http://tocka.com.mk/1/114112/za-sekoj-tret-crnogorec-homoseksualecot-e-isto-kako-i-kriminalecot

казнување за хомосексуално однесување во Индија[29]; на воведувањето на можноста за изрекување на казна доживотен затвор за “поврат“ на хомосексуално однесување во Уганда[30], на унапредувањето на правата на истополовите двојки во Ново Мексико, Јута и Бразил[31] и на прогласувањето на Уругвај за држава на годината од страна на реномираното списание Economist, поради тоа што во една година државата успеала да да усвои законски одредби со кои се легализираат истополовите бракови и се легализира и регулира производството, продажбата и употребата на марихуаната[32]. Известувањето за овие настани беше направено на главно професионален начин.

Во декември повторно можеа да се забележат и вести кои првенствено се однесуваат на настани од областа на шоу-бизнисот, но кои поради луѓето инволвирани во истите или природата на темите се од значење и за ЛГБТИ заедницата во целост[33]. Најмногу внимание привлекоа хомофобичните јавни настапи на двајца балкански естрадни уметници и кои воглавно го добија заслужениот прекорувачки тон во медиумското покритие кое го привлекоа[34].

Во ноември и декември, во националниот медиумски простор лезбејките, бисексуалците и интерсекс луѓето беа споменувани само попатно, кога се говореше за ЛГБТИ заедницата во целост.

---

[29] http://okno.mk/node/33881, http://makfax.com.mk/324777/sudot_vo_indija_go_potvrdi_zakonot_za_kaznuvanje_na_homoseksualnosta

[30] http://www.sky.mk/svet/401370-dozhivoten-zatvor-za-homoseksualcite-vo-uganda, http://makfax.com.mk/325529/uganda_go_prifati_drakonskiot_zakon_protiv_homoseksualnosta, http://popara.mk/2013/vesti/uganda-dozhivotna-robija-za-pederi/, http://maxim.mk/uganda-ako-si-homoseksualec-kazna-dozhivoten-zatvor, http://netpress.com.mk/uganda-za-homoseksualcite-dozhivoten-zatvor/

[31] http://www.sky.mk/svet/401271-novo-meksiko-dozvoli-gej-brakovi, http://maxim.mk/sudot-vo-nju-meksiko-gi-dozvoli-gej-brakovite, http://24vesti.mk/juta-gi-prizna-homoseksualnite-i-poligamnite-brakovi, http://www.plusinfo.mk/vest/119986/Juta-gi-prizna-homoseksualnite-i-poligamnite-brakovi, http://a1on.mk/wordpress/archives/250003

[32] http://lider.mk/2013/12/21/urugvaj-e-zemja-na-godinata-poradi-legalizacijata-na-marihuanata-i-gej-brakovite/, http://www.mkd.mk/svet/vesti/urugvaj-e-zemja-na-godinata-poradi-legalizacijata-na-marihuanata-i-gej-brakovite, http://tocka.com.mk/1/114153/ekonomist-urugvaj-e-drzava-na-godinata-legalizirase-marihuana-i-gej-brakovi, http://netpress.com.mk/ekonomist-urugvaj-e-drzhava-na-godinata-legalizirashe-marihuana-i-gej-brakovi/

[33] http://portal.com.mk/shoubiz-holivud/dzhordzh-kluni-jas-sum-gej.html, http://www.makdenes.org/archive/news/20131207/428/428.html?id=25193027, http://www.plusinfo.mk/vest/118232/FOTO-Ne-sum-gej-eve-i-fotka-kako-ja-baknuvam-zhena-mi

[34] http://hitportal.com.mk/Show_Bizz-detail/gej-aktivistot-predrag-go-javna-zhelko-joksimovik-foto/, http://a1on.mk/wordpress/archives/254204, http://hitportal.com.mk/Show_Bizz-detail/zhelko-navredi-gej-aktivist-na-tviter/, http://www.press24.mk/zheljko-joksimovikj-kon-gej-aktivist-otkachi-mi-se-peerishte, http://kurir.mk/magazin/scena/141272-Joksimovik-za--gej-aktivist-Otkaci-se-peeriste, http://www.plusinfo.mk/vest/118719/Vlado-Georgiev-go-predizvika-Marko-Kon-Te-znaat-li-doma-deka-si-gej

## ГРУПИ ЗА ПОДДРШКА

Со повторното отворање на ЛГБТИ Центарот за поддршка, групите за поддршка повторно добија слободен простор за непречено одржување на средби од најразличен вид. Паралелно со тоа, продолжија да се одржуваат и неделните забави за сите членови и поддржувачи, како и досега.

Лезбејско-феминистичката група за поддршка организираше и одржа состанок заедно со членови од неколку други организации, на којшто гости беа претставници од Проектот Седум. Тоа е меѓународен проект од 2007, кој работи преку театарски претстави и се фокусира на уникатните искуства на седум жени кои живеат во различни краеви на светот. Целта беше да се воспостави комуникација со овдешните организации и да се разгледаат опциите за понатамошна соработка.

Групата за поддршка на родители одржа средба при првата посета на Центарот од страна на една девојка и нејзината мајка. Разговорот беше фокусиран на искажување на важноста на поддршката на детето од страна на родителот, како и поттик за продолжување на истата, со оглед на тоа дека родителот и детето веќе имаат воспоставено однос на разбирање и меѓусебна поддршка.

Групата за поддршка на геј мажи и се фокусираше на планирање на идните активности, додека пак групата за поддршка на транс луѓето се концентрираше на подготовката и реализацијата на обуката на тема трансродови лица.

Обуката за членовите на групата за поддршка на транс луѓе и стручниот тим на заинтересирани медицински лица и психиолози се одржува веќе четврти пат по ред. Овојпат, со поддршка од Transgender Europe (TGEU), обуката отвори теми кои одат чекор понапред во длабочината на оваа тематика. Повторно гостин и предавач беше Кристиан Ранѓеловиќ, активист од Gayten LGBT од Белград и член на Одборот на TGEU.

Обуката се одржа на 21.12.2013 во просториите на ГЕМ Клубот. Според познатиот распоред, обуката траеше неколку часа, а во вечерните часови членовите на групата имаа можност за дружење и забава, со тоа што беше овозможено сместување за членовите на групата кои доаѓаат од други градови.

Во неколкуте делови на обуката беа опфатени следниве теми: Искуства во работата со транс групи, ЛГБ во транс заедницата, Интерсекс, Транс активизмот во Србија и Европа, Примената на WPATH SoC на практично ниво со конкретни примери, Медицинска „промена на полот“, Правна „промена на полот“ и Модел на законот за родов идентитет во Србија. При предавањето, Кристиан ги пренесе најновите искуства во работата со транс групи, според неговото лично искуство во Србија и соработката со различни групи низ Европа, се осврна на диверзитетот во транс заедницата во однос на сексуалната ориентација, посвети внимание на интерсексуалните лица, што е тема што допрва се отвора во нашето општество. Понатаму, зборуваше за Стандардите на асоцијацијата WPATH, која е организација на светско ниво, чии стандарди го отсликуваат потребниот третман кој транс лицата треба да го добијат во рамките на системот на здравствена заштита. Присутните имаа повеќе прашања и беа заинтересирани за стандардите и можностите за нивната

примена во пракса, во македонскиот здравствен систем. Кристиан зборуваше и за „промената на полот“ од медицински и правен аспект, при што исто така присутните имаа повеќе прашања. На крајот, направи преглед на Моделот на законот за родов идентитет во Србија, при што даде детали од процесот на подготовка на текстот на моделот на законот и поттикна на преземање слични чекори и во нашата држава, со цел зголемување на видливоста и унапредување на правата на транс луѓето.